**З А П И С Н И К**
**од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 28.11.2017 година**

**Скопје, ноември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 28.11.2017 година**

Седницата започна во 15:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата и министер за одбрана, Радмила Шекеринска-Јанковска и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија, министерот за правда, Билен Саљији, министер за финансии, Драган Тевдовски, министерот за економија, Крешник Бектеши, министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, министерката за образование и наука, Рената Тренеска-Дескоска, министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу, министерот за култура, Роберт Алаѓозовски, министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, министерката без ресор, задолжена за странски инвестиции, Зорица Апостолска  и министерот без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, Зоран Шапуриќ, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика и Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Љубиша Ристиќ, директор на Македонски железници Транспорт АД Скопје, Петар Спасовски, помошник на директорот на ЈП Македонски железници Инфраструктура Скопје (видео конференциска врска), Небојша Стојановиќ, директор на АД ТЕЦ Неготино, Блажо Трендафилов, директор на Управата за финансиско разузнавање, Александар Младеновски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (видео конференциска врска), Ромео Саздановски од Здружението на ловци „Сокол“ - Битола, Кристијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, Борис Тунџев, директор на Агенцијата за катастар на недвижности, Зоран Петковски и Александар Маринчески, од Државното правобранителство на Република Македонија, Дончо Наумовски од Управата за заштита на културното наследство, Фатон

Асани, директор на Агенцијата за управување со одземен имот и Благојчо Котески, директор на МЕР Скопје, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа замeникот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, министерот за надворешни работи, Никола Димитров, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураку, министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од Триесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.11.2017 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.11.2017 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.11.2017 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.11.2017 година

**Пред преминување на Дневен ред**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

**-** *Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Националната годишна програма за Република Македонија за 2016 година, ИПА/2016/039-618 и ИПА/2016/039-619 Акција 1: Поддршка за учество во програмите на Унијата, Акција 2: Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал, Акција 3: Поддршка за развој на приватниот сектор;*

*- Информација за статус на ИПА Мастер планот, со Прилог 1 ИПА Мастер план;*

*- Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 – 2017 година, за алокацијата за 2016 година - 2016/038-146, со усогласен текст на Спогодба;*

*- Информација за Инвестициска рамка за Западен Балкан и Единствена листа на секторски инфраструктурни инвестициски проекти;*

*- Информацијата за статус за користење на Твининг инструментот;*

*- Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2016 година за Акција 1 од Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2016/039-825, со усогласен текст на Спогодба;*

- **Статус на реализација на приоритетите на РМ за влез во НАТО**

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Барање за донесување на одлука за отстапување на 500.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД - Скопје и Кратката анализа на работењето на МЖ Транспорт АД -; Скопје, со Предлог-одлука;

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници - Скопје;

3. Годишна сметка, финансиски извештаи и Годишен извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“ за 2016 година, со Извештај на независните ревизори;

4. Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам, со Акциски план;

5. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги ЏАГАТАЈ КАБЛО ОТОМОТИВ ЕЛЕКТРИК СИСТЕМЛЕРИ ДООЕЛ Гостивар и ЏАГАТАЈ КАБЛО САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ А.Д како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под број 09-684/1 од 17.5.2017 година;

6. Информација за иницијатива за давање на користење на недвижни ствари на Здружението на ловци Сокол - Битола, со Предлог - одлука;

7. Информација со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;

8. Информација за донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение Планинарско друштво „Грика е Дервенит“ - Скопје, со Предлог – одлука;

9. Предлог-одлука за давање согласност на Одлука за продажба на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлука за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Партизански одреди“ бр.153/1-11 во Скопје;

10. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, со Предлог-одлука;

11. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфрастуктурни објекти, со Предлог-одлука;

12. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности, со Предлог-одлука;

13. Информација за судските постапки заведени пред Основен Суд Скопје 2 Скопје по тужбите на тужителите Друштво за посредување и трговија Гемак траде Енвер ДООЕЛ експорт - импорт Скопје и Ејуп Аљими против тужениот Република Македонија - Министерство за транспорт и врски;

14. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите;

15. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Собранието на Република Македонија;

16. Предлог-одлука за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Националниот координатор за борба против тероризам;

**б) економски систем и тековна економска политика**

17. Информација за преземените активности за склучување на меѓувладин договор за имплементација на FATCA режимот во Република Македонија и за позициите на САД, во однос на потребата од склучување на договор со Република Македонија;

18. Информација со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација за КП бр.116, КП бр. 117/1 и КП бр. 117/2, КО Злокуќане, општина Липково;

19. Информација за прогресот на активностите за ремонт на железничката пруга Ногаевци (Велешко) - Градско - Неготино, за период 1.1.2017 година - 30.6.2017 година, со Ажуриран акциски план;

20. Информација во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на Ветерна електрана Богословец, со Предлог – одлука;

21. Информација во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина -

мермер на локалитетите „Самарница“, општина Прилеп и општина Долнени и „Стари Присад Стена“, општина Прилеп, со Предлог-одлука;

22. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Гуштерица“ општина Кичево, со Предлог-одлука;

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на мини депонија за комунален отпад од времен карактер КО Н. Конско, општина Гевгелија, со Предлог-одлука;

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на викенд зона со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, општина Сопиште, со Предлог-одлука;

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со деловен простор КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука;

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на авто сервис КО Селце, општина Прилеп, со Предлог-одлука;

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс (погон за сечење, обликување и доработка на камен) КО Неокази, општина Пробиштип, со Предлог-одлука;

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон г.р., општина Тетово, со Предлог-одлука;

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мирковци, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука;

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија (винарија со придружни објекти) КО Истибања, општина Виница, со Предлог-одлука;

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место, за изградба на објекти со

намена Б3-големи угостителски единици и Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Камењане, општина Боговиње, со Предлог-одлука;

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глишиќ, општина Кавадарци, со Предлог-одлука;

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Раштак, општина Гази Баба, со Предлог-одлука;

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Б-комерцијални и деловни намени, Д3-спорт и рекреација и А4-времено сместување КО Блатец, Општина Виница, со Предлог-одлука;

35. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б2-големи трговски единици КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука;

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за преработка на украсен камен (мермер и гранит) КО Варош, општина Прилеп, со Предлог-одлука;

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелски комплекс КО Гајре, општина Тетово, со Предлог-одлука;

38. Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција и Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија;

39. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за октомври 2017 година, со Извештај за работата на Интерсекторската работна група (ИРГ) и предлог-мерки;

40. Информација во врска со потребата од именување на нови членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-решение;

**в) политички систем**

41. Предлог-закон за амнестија;

42. Предлог-закон за изменување на Законот за електронските комуникации;

43. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен;

44. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор;

45. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција;

46. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал;

47. Предлог-закон за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа;

48. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка;

49. Предлог-закон за ратификација на Договорот за основање на транспортната заедница;

50. Предлог-закон за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот од 13-ти јули 2006 година меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот;

51. Информација за учество на македонската делегација на шестиот Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа;

52. Информација за аплицирање за грант од норвешкото Министерство за надворешни работи за имплементација на проект за изработка на систем за процесирање на класифицирани информации во Министерството за надворешни работи;

53. Информација за степенот на реализација на активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија-ревизија 2017 година, предвидени за реализација во периодот јануари-август 2017 година;

54. Информација за потпишување Меморандум за соработка со Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за реализација на проект за модернизација и трансформација на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум;

55. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој и Протокол за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој;

56. Извештај за извршени преговори помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со усогласен текст на Протокол;

**г) човечки ресурски и одржлив развој**

57. Информација за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јануари – јуни 2017 година);

58. Информација за проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами), домашна посета и домашен лекар“;

59. Информација за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година, со Предлог-одлука;

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

60. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје, во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Маршал Тито“ бр.1 во Тетово;

61. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за трговија и услуги МИНЕРАЛ МГТ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Гечерлиски Рид - 2“, Општина Босилово;

62. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина– кварцити на Друштвото за производство, трговија и услуги КВАРЦ КОМЕРЦ извоз-увоз Лазар ДООЕЛ с. Кумарино, Велес на локалитетот „Грамади“ кај с. Оморани, општина Чашка;

**б) политички систем**

63. Предлог-методологија за изменување и дополнување на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата;

64. Предлог-упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата;

65. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Авганистан;

66. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда - Управа за водење на матичните книги;

67. Предлог-решение за изменување на Решението за назначување на ко-претседател, ко-секретар и членови на Мешовитата македонско – баварска меѓувладина комисија;

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

68. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад;

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

69. Иницијатива поднесена од Горан Димовски од Битола, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 8-а, став 1, алинеја 4 од Изборниот законик на Република Македонија во делот „или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016);

70. Иницијатива од Стамен Филипов од Скопје поднесена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1, во деловите: „и обврските“, член 4, член 114 став 1 во делот: „обврските и одговорностите“ и член 116 став 1 точка 2 алинеја 2, во делот: „само на Синдикатот потписник на овој колективен договор“, од Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија“, бр. 108/2013);

71. Иницијатива поднесена од Стамен Филипов од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.91/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016 и 172/2016);

72. Иницијатива поднесена од Светскиот Македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.89/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно - атлантската договорна организација – НАТО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/1993);

73. Иницијатива до овластени предлагачи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија под број 1534/17 од 16.8.2017 година;

74. Известување од извршител Антончо Коштанов за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) И.бр.78/16 и за Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 став 4 од Законот за извршување) а во врска со член 265 од Законот за извршување;

75. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.108569 за КО Центар 1 на КП бр.9492/1;

76. Понуда од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.9 за КО Побожје на КП бр.971;

77. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.10315, за КО Драчево;

78. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.8826 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.9782/3;

79. Понуда од нотар Александар Гуњовски од Штип за продажба на недвижен имот во Штип со Имотен лист бр.10779 за КО Таринци на КП бр.945 и КП бр.983;

80. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје под и бр.622/17 за налог за извршување врз недвижност;

81. Известување од извршител Весна Деловска именуван за подрачјето на судовите Скопје 1 и 2 за Заклучокот за трета усна јавна продажба (врз основа на чл.167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр.479/2016;

82. Известување од извршител Антончо Коштанов за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување) И.бр.489/16 и Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став 4 од Законот за извршување), поради Заклучокот за запирање на извршување (врз основа на член 29 став 1, член 46 став 3 и член 93 од Законот за извршување);

**д) други предлози**

83. Кадровски прашања

84. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

85. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за септември 2017 година;

86. Информација за регистрирани инциденти на насилство во училиштата и преземени мерки во периодот од 1 јули до 30 септември 2017 година;

87. Информација за активности на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Законот за јавна чистота во периодот од 1.7.2017 година до 30.9.2017 година;

88. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.7.2017 година до 30.9.2017 година;

89. Информација за преземени мерки во делот на заштита на права од интелектуална сопственост за периодот од 1 јули до 30 септември 2017 година;

90. Информација за предвидените активности за усогласување на Нацрт-текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе;

91. Информација за резултатите што ги постигнале учениците од Македонија во меѓународните програми за оценување (PISA и TIMSS) и реформите што произлегуваат од постигнатите резултати (Исход 1.2.2 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020);

92. Информација за прогресот на активности во реализација на проектот „Награди за најдобрите ученици во областа математика и природни науки“ (за период јануари-септември 2017 година);

93. Информација за прогрес на имплементација на проектот „Еден клик“ (јуни-август 2017 година);

94. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со реализација на проектот „Инвестирај во својата иднина-стипендии за последипломски и докторски студии” (статус октомври 2017 година);

95. Информација за текот и прогресот на активностите (април-септември 2017 година) во врска со проектот „Стимулација за упис на техничките факултети“;

96. Информација за бројот на доделени стипендии на ниво на средно и високо образование за предмети за кои што се предвидува дека ќе бидат дефицитарни на пазарот на труд (Исход 1.2.3 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016 – 2020 година);

97. Информација за бројот на младите лица без квалификации што ги користеле ISCED 3 програмите (Исход 1.2.6 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година);

98. Информација за бројот на идентификувани ученици под ризик од прерано напуштање на образованието и бројот на ученици што добиваат индивидуализирана поддршка за да останат на училиште и да се стекнат со квалификации (Исход 1.2.5 од Акциски план за вработување на млади лица 2016 - 2020 година);

99. Информација со детален проект за основање на Специјализирана национална математичка гимназија во Скопје;

100. Информација за прогресот на активностите за реализација на проектот „Набавка на 300.000 таблет компјутери“, за периодот септември 2016-септември 2017 година;

101. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Намалување на партиципацијата за 50% на студентите од самохрани и еднородителски семејства“;

102. Информација за пресуда, со иницијатива за изменување и дополнување на законска регулатива;

103. Информација во врска со реализација на проектот - Истражувања, заштита, конзервација, реставрација, реконструкција и презентација на Античкиот театар во Скупи;

104. Информација за реализација на проектот „Археолошки локалитети“;

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

105. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка;

106. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година;

107. Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година;

108. Информација за формирање на Комисија за предавање на опрема, инвентар, архива, документација, средства за работа и други средства од Советот за јавни набавки на Министерството за финансии, со Предлог-решение;

109. Информација во врска со одржување на Собрание на акционери на Интернационален Картичен Систем АД Скопје, закажано за 30 ноември 2017 година;

110. Информација за објава на договорите за јавни набавки на веб-страниците на договорните органи;

111. Информација за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, со Предлог-одлука;

112. Информација во врска со Индустрија за алуминиумски полуфабрикати, метални конструкции, ентериери и инженеринг „Алумина“ АД Скопје во стечај;

113. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (36 моторни возила) со правосилни пресуди/одлуки на државни органи и Предлог-одлука за давање согласност за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилни одлука;

114. Информација за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси

Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од петта емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука;

115. Информација за подготовка на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година), со текст на Предлог-стратегија, со Акциски план;

116. Информација за статусот на спроведување на проектот „Регистар на население“;

117. Информација за Одлуката на Комитетот за Светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41-ва седница (Краков, Полска 2017 година) во однос на состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион-добро впишано на листата на Светско наследство;

118. Предлог-одлука за давање согласност на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2017 година;

119. Информација за ненадмирени финансиски обврски кои произлегуваат од работата на Националната установа Тетовски театар-Тетово;

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 36-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 7.11.2017 година, 37-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.11.2017 година, 38-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 15.11.2017 година и 39-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.11.2017 година;

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на реализација на План 3-6-9, со пропратни материјали и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања веднаш да достави Листа на закони од План 3-6-9+ со насоки, Листа на стратегии, програми, планови од План 3-6-9+ со насоки, Листа/модел на именувања од План 3-6-9+ со насоки до сите надлежни институции;

2. Се задолжуваат надлежните институции да ги достават пополнетите листи од заклучокот 1 до Секретаријатот за европски прашања, со цел истите да се консолидираат и да се утврдат на следниот состанок на ад-хок работната група, како оперативно средство за следење на реализацијата на Планот 3-6-9+, најдоцна до петок, 1.12.2017 година до 10.00 часот;

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

1. Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2016 година, за Акција 1 од Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година, во рамки на ИПА 2, CRIS 2016/039-825, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Србија за финансиската алокација за 2016 година за Акција 1 од Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2016/039-825.

2) Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, Бујар Османи, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Србија, за финансиската алокација за 2016 година за Акција 1 од Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2016/039-825, по пат на Писмо замена за потпис;

3) Се задолжува Министерството за локална самоуправа на Република Македонија да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акција 1 за 2016 година од Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија за 2016 и 2017 година во рамки на ИПА 2, CRIS 2016/039-825, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма;

4) Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во консултација со Министерството за европска интеграција на Република Србија како одговорна оперативна структура за индиректното спроведување на Програмата, да преземе конкретни мерки за надминување на наодот со висок ризик број Н7, констатиран во

Ревизорскиот извештај од Европската комисија од спроведената ревизорска мисија за доверување на задачите за спроведување на буџетот за Програмата за преку – гранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Србија во рамки на ИПА 2, а кој се однесува на формирање на соодветно контролно тело за Програмата при Министерството за локална самоуправа на Република Македонија и во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација да го информира Секретаријатот за европски прашања за преземените мерки.“;

2. Владата ја разгледа Информацијата за статус за користење на Твининг инструментот и притоа ги донесе следните заклучоци:

1) Ја усвои Информацијата за статус за користење на Твининг инструментот;

2) Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за храна и ветеринарство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Царинската управа, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Управата за јавни приходи, Министерството за правда и Државната комисија за спречување корупција да ги преземат неопходните чекори со релевантните контакт лица од ДГ НЕАР за организирање на мисиите;

3. Владата ја разгледа Информацијата за Инвестициска рамка за Западен Балкан и Единствена листа на секторски инфраструктурни инвестициски проекти и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат ресорните министри да го комплетираат составот на Националниот инвестициски комитет-номинации на второ и трето ниво и во рок од пет дена да ги достават до Секретаријатот за европски прашања;

2) Се задолжуваат ресорните министри во рок од пет дена до Секретаријатот за европски прашања да номинираат по две лица кои ќе имаат пристап до МИС системот;

3) Се задолжувааат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, во рок од пет дена да одржат состаноци на секторските работни групи во полн состав каде ќе ги презентираат Нацрт - единствените секторски листи на проекти;

4) Се задолжувааат Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, Министерството за здравство,

Министерството за животна средина и просторно планирање, комплетираните ревидирани обрасци во рок од пет дена да ги достават до Секретаријатот за европски прашања;

5) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 29 ноември 2017 година да организира состанок на Националниот инвестициски комитет, каде ќе се презентира Единствената листа на проекти усвоена од Владата на Република Македонија, која произлегува од Нацрт-единствените секторски листи на проекти и проектите со кои ќе се аплицира за инфраструктура;

6) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја достави Единствената листа на проекти усвоена од Владата на Република Македонија до Европска комисија, најдоцна до 30 ноември 2017 година;

7) Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта, во соработка со Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата да достави информација за потребата од повторно поднесување на двете ВБИФ апликации за инвестициски грантови за финансирање на проектите „Изградба на нова автопатска делница Гостивар-Кичево, дел од Коридорот VIII, делница Букојчани-Кичево“ и „Реконструкција и проширување на Националниот пат Крива Паланка -Граничен премин Деве Баир, Република Бугарија, дел од Коридорот VIII“, најдоцна до 28.11.2017 година;

8) Се задолжува Секретаријатот за европски прашања по добивање на позитивно мислење од Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски да ги поднесе двете ВБИФ апликации за инвестициски грантови за финансирање на проектите „Изградба на нова автопатска делница Гостивар - Кичево, дел од Коридорот VIII, делница Букојчани – Кичево“ и „Реконструкција и проширување на Националниот пат Крива Паланка - Граничен премин Деве Баир, Република Бугарија, дел од Коридорот VIII“до ВБИФ Секретаријатот, најдоцна до 30.11.2017 година.

4. Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015-2017 година, за алокацијата за 2016 година - 2016/038-146, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои со следните заклучоци:

1) Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 – 2017 година, за алокацијата за 2016 година - 2016/038-146;

2) Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и Национален ИПА координатор, д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија

и Владите на Република Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015 – 2017 година, за алокацијата за 2016 година - 2016/038-146, по пат на Писмо замена за потпис;

3) Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акциската програма за преку-гранична соработка помеѓу Република Македонија и Косово за 2015-2017 година, за алокацијата за 2016 година - 2016/038-146, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Македонија за соодветните години, и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа Програма;

5. Владата ја разгледа Информацијата за статус на ИПА Мастер планот, со Прилог 1 ИПА Мастер план и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, во консултација со Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија и д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, на наредната седница на Владата да назначат координатор за Проектот за поддршка на Ромите;

2) Се задолжуваат Рената Тренеска Дескоска, министерка за образование и наука и Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, во најкус можен рок до Министерството за финансии да ги доставаат акредитациските пакети за 2017 година - Акциската програма за образование, вработување и социјална инклузија;

3) Се задолжува Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, да изнајде решение за задржување на кадарот кој е времено ангажиран во рамките на ИПА структурата, до крајот на декември 2017 година;

4) Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, до 30 декември 2017 година да подготви акциски план за исполнување на минимум барањата за информатичка сигурност, согласно барањата на ДГ НЕАР, со цел надминување на наодите од Извештајот од ревизијата за информатичка и комуникациска технологија од Европската комисија и истиот да го достави до Генералниот директорат за проширување и соседска политика;

5) Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го координира целокупниот процес на надминување на наодите од Извештајот од ревизијата за информатичка и комуникациска технологија од страна на Европската комисија и на редовна основа да ја известува Европска комисија;

6. Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Националната годишна програма за Република Македонија за 2016 година, ИПА/2016/039-618 и ИПА/2016/039-619 Акција 1: Поддршка за учество во програмите на Унијата, Акција 2: Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал, Акција 3: Поддршка за развој на приватниот сектор, со текст на Финансиска спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1) Го прифати текстот на Финансиската спогодба за Националната годишна програма за Република Македонија за 2016 година, ИПА/2016/039-618 и ИПА/2016/039-619 Акција 1. Поддршка за учество во програмите на Унијата, Акција 2: Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал, Акција 3: Поддршка за развој на приватниот сектор;

2) Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и Национален ИПА координатор, д-р Бујар Османи да ја потпише Финансиската спогодба за Националната годишна програма за Република Македонија за 2016 година, ИПА/2016/039-618 и ИПА/2016/039-619 Акција 1. Поддршка за учество во програмите на Унијата, Акција 2: Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал, Акција 3: Поддршка за развој на приватниот сектор, преку воспоставената процедура на размена на писма;

3) Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Царинската управа на Република Македонија, Управата за јавни приходи, Агенцијата за филм на Република Македонија и Дирекцијата за заштита и спасување, како корисници на програмата Акција 1: Поддршка за учество во програмите на Унијата, да го предвидат потребниот износ на задолжително национално кофинансирање за плаќање на влезните билети во рамките на буџетското планирање за 2018 година;

4) Се задолжува Министерството за внатрешни работи да го обезбеди потребниот износ за национално кофинансирање во рамки на максималните износи на расходи за соодветните години за спроведување на Акција 2 – Миграција и азил, гранично управување и борба против тероризмот и организираниот криминал;

5) Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да го обезбедат потребниот износ за национално кофинансирање во рамки

на максималните износи на расходи за соодветните години за спроведување на Акција 3-Поддршка за развој на приватниот сектор;

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска ги информираше членовите на Владата за одржувањето на А5 Конференцијата-Јадранска повелба (САД и членките на Јадранската повелба) во Охрид, со фокус на Република Македонија и нејзиното членство во НАТО;

Истовремено, Владата заклучи да го извести стечајниот управник Владица Ивановска, објектот во Гевгелија, поранешна сопственост на АД „Млаз“-Богданци што го користи Армијата на Република Македонија да биде изземен од продажба, односно Владата дополнително ќе одлучи дали и кога истиот ќе се продава, со цел Армијата на Република Македонија да продолжи да го користи за сопствени потреби;

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 500.000 литри Еуродизел БС гориво, од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД-Скопје и Кратката анализа на работењето на МЖ Транспорт АД-Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Македонски железници Транспорт АД-Скопје, редакциски усогласена со Секретаријатот за законодавство;

Истовремено, Владата заклучи Македонски железници Транспорт АД-Скопје да ги плати трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати;

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје (најнов текст), во предложениот текст;

**Точка 3**

Владата по Годишната сметка, финансискиот извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“ за 2016 година, со Извештај на независните ревизори ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, во предложениот текст;

2. Одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2016 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст;

3. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (м-р Мите Јовановски), во предложениот текст;

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Ристо Николов), во предложениот текст;

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Александар Ризов), во предложениот текст;

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Горица Михова), во предложениот текст;

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Јован Попов), во предложениот текст;

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во

државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Елена Смилкова), во предложениот текст;

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Пане Трајков), во предложениот текст;

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино за 2016 година, (Тони Честојанов), во предложениот текст;

**Точка 4**

Владата го разгледа и усвои новиот текст на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам, со Акциски план;

**Точка 5**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината (нов текст), во предложениот текст;

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштво за производство, трговија и услуги ЏАГАТАЈ КАБЛО ОТОМОТИВ ЕЛЕКТРИК СИСТЕМЛЕРИ ДООЕЛ Гостивар и ЏАГАТАЈ КАБЛО САНАЈИ ВЕ ТИЏАРЕТ А.Д како матично друштво на закупопримачот, заведен кај закуподавачот под број 09-684/1 од 17.5.2017 година (нов текст), во предложениот текст;

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за иницијатива за давање на користење на недвижни ствари на Здружението на ловци Сокол-Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Здружението на ловци Сокол - Битола, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство;

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј‘‘ - Скопје, во предложениот текст;

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение Планинарско друштво „Грика е Дервенит“-Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружение Планинарско друштво „Грика е Дервенит“ - Скопје, во предложениот текст;

**Точка 9**

Владата ги донесе најновите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Одлука за продажба на станбен простор, во предложениот текст и

- Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување продажна цена на стан наменет за продажба на ул. „Партизански одреди“ бр.153/1-11 во Скопје, во предложениот текст;

**Точка 10**

Владата го разгледа Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висина на надоместокот за користење и увид на податоците од Геодетско-катастарскиот информационен систем, во предложениот текст;

**Точка 11**

Владата по Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфрастуктурни објекти, со Предлог-одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на инфраструктурните објекти во катастарот на инфраструктурни објекти, во предложениот текст;

**Точка 12**

Владата го разгледа Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за висината на надоместокот за

запишување на недвижности кои останале со незапишани права и запишување на промени во катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, во предложениот текст;

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за судските постапки заведени пред Основен Суд Скопје 2 Скопје по тужбите на тужителите Друштво за посредување и трговија Гемак траде Енвер ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и Ејуп Аљими против тужениот Република Македонија-Министерство за транспорт и врски и ја усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за транспорт и врски да формира работна група со претставници од Министерството за финансии, Државното правобранителство на Република Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Градот Скопје и Општина Центар, заради спречување на ненадоместлива штета и депонирање на парични средства во судски депозит и преговори со тужителите;

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите (најнов текст), во предложениот текст;

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Собранието на Република Македонија и донесе Одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Службата на Собранието на Република Македонија усогласена со Секретаријатот за законодавство;

**Точка 16**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Националниот координатор за борба против тероризам и донесе Одлука за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (за потребите на Националниот координатор за борба против тероризам), усогласена со Секретаријатот за законодавство;

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените активности за склучување на меѓувладин договор за имплементација на FATCA режимот во Република Македонија и за позициите на САД во однос на потребата од склучување на договор со Република Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи во рок од пет дена од усвојувањето на оваа информација да достави известување до надлежните органи на САД за интересот на Република Македонија за склучување на договор за имплементација на FATCA режимот - Модел 1Б и да побара термин за отпочнување на преговорите;

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко проектна документација за КП бр.116, КП бр. 117/1 и КП бр. 117/2, КО Злокуќане, општина Липково (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, во предложениот текст;

2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот, во рок од два дена, до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на проектен опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко проектна документација за КП бр.116, КП бр. 117/1 и КП бр. 117/2, КО Злокуќане;

3. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности, по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко проектна документација за КП бр.116, КП бр. 117/1 и КП бр. 117/2, КО Злокуќане, во рок од 8 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот;

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите за ремонт на железничката пруга Ногаевци (Велешко) – Градско -Неготино, за период 1.1.-30.6.2017 година, со Ажуриран акциски план и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Ажурираниот акциски план за реализација за прогресот на активностите за ремонт на железничката пруга Ногаевци (Велешко)-Градско-Неготино, за период 1.1.2017-30.6.2017 година;

2. Се укажува на ЈП Македонски Железници Инфраструктура - Скопје во соработка со Министерството за транспорт и врски да подготви и до Владата на Република Македонија да достави информација за статусот со Договорот за изведување на градежни работи склучен меѓу ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и изведувачот, како и предлог за надминување на тековните проблеми и застојот на проектот, со јасна временска рамка и динамика за нивно отстранување, во рок од 15 дена;

**Точка 20**

Владата на предлог на министерот за економија ја одложи од разгледување Информацијата во врска со поднесеното барање на ТХОР ИМПЕКС ДООЕЛ, Скопје за издавање на овластување за изградба на Ветерна електрана Богословец, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата;

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесените иницијативи за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетите „Самарница“, општина Прилеп и општина Долнени и „Стари Присад Стена“ општина Прилеп, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст;

**Точка 22**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-јаглен на локалитетот „Гуштерица“ општина Кичево, со Предлог-одлука, на предлог на предлагачот;

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на мини депонија за комунален отпад од времен карактер КО Н. Конско, Општина Гевгелија, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на мини депонија за комунален отпад од времен карактер КО Н. Конско, Општина Гевгелија, во предложениот текст;

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на викенд зона со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на викенд зона со намена А4-времено сместување КО Сопиште вон град општина Сопиште, во предложениот текст;

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со деловен простор КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на

земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со деловен простор КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст;

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на авто сервис КО Селце, Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на авто сервис КО Селце, општина Прилеп, во предложениот текст;

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс (погон за сечење, обликување и доработка на камен) КО Неокази, општина Пробиштип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс (погон за сечење, обликување и доработка на камен) КО Неокази, општина Пробиштип, во предложениот текст;

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон г.р., општина Тетово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Тетово-вон г.р. општина Тетово, во предложениот текст;

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мирковци, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Мирковци, општина Чучер Сандево, во предложениот текст;

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија (винарија со придружни објекти) КО Истибања, општина

Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна индустрија (винарија со придружни објекти) КО Истибања, општина Виница, во предложениот текст;

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици и Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Камењане, Општина Боговиње, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици и Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Камењане, Општина Боговиње, во предложениот текст;

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глишиќ, општина Кавадарци, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласноста за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глишиќ, општина Кавадарци, во предложениот текст;

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Раштак, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А4-времено сместување (викенд куќи) КО Раштак општина Гази Баба, во предложениот текст;

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Б-комерцијални и деловни намени, Д3-спорт и рекреација и А4-времено сместување КО Блатец, општина Виница, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Б-

комерцијални и деловни намени, Д3-спорт и рекреација и А4- времено сместување КО Блатец, Општина Виница, во предложениот текст;

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б2-големи трговски единици КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б2-големи трговски единици КО Глуво Бразда општина Чучер Сандево, во предложениот текст;

**Точка 36**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за преработка на украсен камен (мермер и гранит) КО Варош, општина Прилеп, со Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс за преработка на украсен камен (мермер и гранит) КО Варош, општина Прилеп, во предложениот текст;

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелски комплекс КО Гајре, општина Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на хотелски комплекс КО Гајре, општина Тетово, во предложениот текст;

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција и Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција;

2. Го усвои Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија;

3. Се задолжува Кабиентот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кочо Анѓушев, да формира работна група, со цел да ги следи активностите

за Бернската Конвенција и да ги подготвува извештаите кон Конвенцијата, со претставници од следните институции: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и Министерството за надворешни работи, а по потреба и во зависност од случајот: Акционерско друштво Електрани на Македонија, Јавна установа Национален парк Маврово, општина Маврово и Ростуша, Јавна установа Национален парк Галичица, општина Охрид, општина Струга и Министерство за култура, најдоцна во рок од осум дена по усвојувањето на оваа информација;

4. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи и Министерството за култура да достават номинација на претставник во работната група до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кочо Анѓушев, најдоцна во рок од пет дена по усвојувањето на оваа информација;

5. Се препорачува на Акционерското друштво Електрани на Македонија, Јавната установа Национален парк Маврово, општина Маврово и Ростуша, Јавната установа Национален парк Галичица, општина Охрид и општина Струга, да достават номинација на претставник во работната група до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кочо Анѓушев, најдоцна во рок од пет дена по усвојувањето на оваа информација;

6. Се задолжуваат Кабиентот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кочо Анѓушев, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија во рок од една недела да номинираат свои претставници како координатори на активностите поврзани со Бернската Конвенција;

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за октомври 2017 година, со Извештај за работата на Интерсекторската работна група (ИРГ) и предлог-мерки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави известување при појава на отпочнување и завршување на епизода на алармантно загадување на воздухот, односно појава на надминување на праг на алармирање на загадувачките супстанци до следните органи на државна управа: Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика,

Државниот инспекторат за животна средина, Град Скопје и единиците на локалната самоуправа каде има епизода на алармантно загадување на воздухот;

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за здравство, при надминување на прагот на алармирање веднаш да препорача на сите правни субјекти (работодавци) да ги ослободат од работни обврски бремените жени, лицата постари од 60 години, како и лицата со хронична астма, прележан миокарден инфаркт или мозочен удар, без разлика на возраста, со препорака на матичен лекар, да го реорганизираат работното време и лицата кои работат на отворено да работат од 11:00 до 17:00 часот и да не се организираат спортски натпревари и други културни манифестации на отворено;

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија и единиците на локалната самоуправа при надминување на прагот на алармирање веднаш да обезбедат прифатилишта за сместување на бездомници;

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и здравствените домови во нив при надминување на прагот на алармирање веднаш да дадат поддршка на стари осамени лица преку организирани посети;

5. Се задолжува Министерството за здравство и соодветните здравствени установи при надминување на прагот на алармирање веднаш да обезбедат услови за зголемени активности на службите за итна медицинска помош, домашна посета и патронажна служба;

6. Се задолжува Министерството за здравство при надминување на прагот на алармирање веднаш да ја задолжи Службата за итна медицинска помош да доставува информации до Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) за бројот на повици (според дијагноза/код на МКБ10, пол, возраст, место на живеење/општина), за времетраењето на епизодата на алармантно загадување на воздухот на дневна основа се до завршување на епизодата и една недела по завршувањето;

7. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина при надминување на прагот на алармирање, веднаш да започне со вршење на зачестена контрола на инсталациите кои што поседуваат А–ИСКЗ дозвола, да спроведе контролни мерења на емисиите на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух со акредитирана лабораторија, со цел да се утврди дали се применуваат пропишаните услови/мерки во Дозволата по однос на емисиите во воздух;

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање при надминување на прагот на алармирање, веднаш да подготви и достави препорака

до инсталациите кои што поседуваат А–ИСКЗ дозвола, за намалување на капацитетот на производство (до 50%) со што од оваа мерка ќе бидат исклучени инсталациите кои што произведуваат топлинска или електрична енергија;

9. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на заводите, јавните претпријатија и АД во државна сопственост, а им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, како и на единиците на локалната самоуправа при надминување на прагот на алармирање да ја намалат (до 50%) употребата на службените возила;

10. Се препорачува на општините Кавадарци, Велес, Битола, Кочани, Куманово, Кичево, Гостивар и Струмица на советите на општините да ги разгледаат, по потреба дополнат и усвојат краткорочните мерки (дефинирани во краткорочните планови на агломерацијата Скопски регион и општина Тетово) и веднаш да започнат со нивно спроведување при надминување на прагот на алармирање на загадувачките супстанци;

11. Се препорачува на советите на општините и претпријатијата за јавен паркинг, да ја разгледаат можноста за зголемување на цената на паркинг услугата при надминување на прагот на алармирање во рок од 30 дена;

12. Се препорачува на Град Скопје да го оптимизира централизираното управување со сообраќајот во деновите кога е надминат прагот на алармирање, со цел олеснување на движењето на пешаците и велосипедистите (скратување на време на чекање на раскрсници и пешачки премини) во рок од 30 дена;

13. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа да подготват конкретни планови за реставрација на зеленилото во општините (со идентификација на локации и начини на озеленување), во рок од три месеци;

14. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, доколку се предвидени зелени површини во ГУП да не може да се изврши пренамена на истите со ДУП, почнувајќи од 1.1.2018 година;

15. Се препорачува на Град Скопје, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и компаниите за испорака на топлинска енергија да најде начин за повторно приклучување на исклучените корисници и приклучување на системот каде постои соодветна инфраструктура и за тоа да ја инфомира Владата на третата наредна седница;

16. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа да ја зајакнат инспекциската контрола на ракувачите со отпадни масла (колку се увезени, колку се складирани како отпад, како се третираат) и да вршат зачестена контрола на сервисите кои работат со промена на маслата, при надминување на прагот на алармирање;

17. Се препорачува на Град Скопје, во соработка со општините во агломерацијата Скопски регион, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да ја разгледа можноста за подготовка на план за унапредување на велосипедскиот сообраќај и за тоа да ја информира Владата во рок од три месеци;

18. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви измена и дополнување на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, со цел спроведување на мерките за ограничување и забрана на сообраќајот во услови на надминување на прагот на алармирање во рок од 30 дена;

19. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја зајакне контролата на издувните гасови од возилата при нивна регистрација во техничките станици, во рок од 30 дена;

20. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за внатрешни работи, за започнување и подготовка на измени и дополнувања на Законот за возила и/или подзаконските акти, со цел подготовка на налепница за возилата, согласно еколошки стандарди;

21. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје, со цел подготовка на предлог законски измени за забрана за горење јаглен во грејните тела во домаќинствата до 2020 година и за подготовка на подзаконски акти за квалитет на цврсти горива;

22. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Градот Скопје и Министерството за финансии, со цел подготовка на информација до Владата со предлог за доделување на субвенции за електрични и хибридни возила, како и субвенции за пренамена на возилата на гас, со предимство на автобусите и такси возилата;

23. Се задолжува Министерството за економија да изготви подзаконски акт за типови на печки кои се користат за загревање на домаќинствата, комерцијалните објекти и други институции кои индивидуално се загреваат до крајот на 2018 година;

24. Се задолжува Министерството за економија да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за рокот на реализација и проблемите при реализација на сите проекти од примарната гасификација, како и за секундарното гасифицирање во државата;

25. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да ја зајакне контролата на квалитетот на течни горива, во рок од 30 дена;

26. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за економија да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со предлог за субвенционирање на мерката замена на стара печка на дрва за нова, за социјално загрозените граѓани;

27. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да врши зачестени контроли на меѓуградските автобуси во однос на дозволеното застанување на одредени стојалишта во внатрешноста во градот, согласно Одлуката на Град Скопје;

28. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градба, во насока на тоа услов при издавање на дозволи за градба на колективни живеалишта (згради) да биде наведен и регулиран начинот на затоплување, при што да се наведе дека во области каде е достапен централниот систем на парно греење истиот да биде задолжителен;

29. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за финансии да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави план за набавка на електрични службени возила за сите органи на државната управа;

30. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на заводите, јавните претпрјатија и АД во државна сопственост, а им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, како и на единиците на локалната самоуправа во рок од 30 дена да ја исполнат законската обврска за обезбедување на безбеден паркинг на велосипеди;

31. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на заводите, јавните претпрјатија и АД во државна сопственост, а им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, како и на единиците на локалната самоуправа, во рок од 30 дена да обезбедат услови за селектирање на отпад (започнувајќи со селектирање на хартија и пластика);

32. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Инспекцискиот совет и Министерството за информатичко општество и администрација, да подготви и во рок од три месеци до Владата да достави предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентен воздух, во насока на доделување на овластувања на постоечките комунални инспектори за инспектирање во областа на квалитетот на воздухот при надминување на прагот на алармирање;

33. Се укажува на АД ЕЛЕМ, подружница РЕК-Битола, во рок од еден месец до Министерството за животна средина и просторно планирање да достави ажуриран Оперативен план по однос на активностите кои што Комбинатот треба да ги преземе, со цел усогласување со најдобрите достапни техники предвидени за овој тип на индустриски сектор, имајќи предвид дека ажурираниот оперативен план е услов за добивање на дозволата за усогласување со оперативен план;

34. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за намалување на ДДВ од 18% на 5% за испорака на топлинска енергија и за тоа да ја информира Владата во рок од 30 дена;

35. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да врши зачестени контроли над димоводните канали во индустриските објекти и домаќинствата и да доставува редовни месечни и годишни извештаи од извршените контроли до Владата, при надминување на прагот на алармирање;

36. Се задолжува Државниот завод за статистика основните демографски податоци (број на население по возрасни групи и по одделни населени места) и податоците за смртност на населението да ги доставува во форма и резолуција која одговара на барањето на Институтот за јавно здравје на Република Македонија, кој врши проценка на ризици поврзани со фактори на животна средина на годишно ниво, најдоцна до крајот на април во тековната за претходната година, а по потреба, за време на епизоди на алармантно загадување на воздухот и на дневно ниво;

37. Се укажува на ЈП „Македонски Шуми“ да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со анализа за состојбата на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во Република Македонија, во однос на процентот на влажност и изготвениот план за постепено постигнување на стандардот од 20% влажност на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во државата;

38. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за здравство во рок од 30 дена да подготви медиумска кампања за подигање на јавната свест за аерозагадувањето, ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето;

39. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за потребните финансиски средства за акредитација на Централната лабораторија за животна средина на Министерството за животна средина и просторно планирање и за акредитација на Калибрационата лабораторија за квалитет на воздухот;

40. Се задолжува Министерството за здравство да ја задолжи Службата за итна медицинска помош да доставува на месечно ниво информации до Институтот за

јавно здравје (ИЈЗ) за бројот на повици (според дијагноза/код на МКБ10, пол, возраст, место на живеење/општина), почнувајќи од 1.1.2018 година;

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од именување на нови членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување членови и определување претседател на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој, со заклучок текстот на Решението да се усогласи со Секретаријатот за законодавство;

Истовремено, Владата ги разреши од должноста претходно именуваните определен претседател и членови на Комитетот за одобрување на инвестиции на Фондот за иновации и технолошки развој;

**Точка 41**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за амнестија го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Билен Саљији, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници Зулфи Адили, државен секретар во Министерството за правда и Валентина Шаурек, државен советник во Министерството за правда;

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување на Законот за електронските комуникации, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници м-р Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 43**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (најнов текст), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници м-р Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници м-р Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 48**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (најнов текст), го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, а за повереници Јахи Јахија, државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација и Ана Малцева, раководител на сектор во Министерството за информатичко општество и администрација;

**Точка 49**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Договорот за основање на транспортната заедница, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Димитров, министер за надворешни работи, Горан Сугаревски, министер за транспорт и врски, Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Рамадан Назифи, директор во Министерството за надворешни работи и Јасминка Киркова, државен советник во Министерството за транспорт и врски;

**Точка 50**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Протоколот за изменување на Договорот од 13 јули 2006 година меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноци на доход и на имот, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Димитров, министер за надворешни работи, Драган Тевдовски, министер за финансии, Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи и Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Наташа Дескоска, директор во Министерството за надворешни работи и Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии;

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на македонската делегација на шестиот Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа, ја усвои и заклучи:

- Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од десет работни дена по завршувањето на шестиот Самит на шефови на влади на процесот за соработка на Народна Република Кина со земјите од Централна и Источна Европа до Владата да достави информација за учеството;

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за аплицирање за грант од норвешкото Министерство за надворешни работи за имплементација на проект за изработка на систем за процесирање на класифицирани информации во Министерството за надворешни работи, ја усвои и го задолжи Министерството за надворешни работи во врска со преземените активности по поднесената апликација за грант од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, пет дена по добивање на одговор по истата од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка да ја информира Владата на Република Македонија;

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија-ревизија 2017 година, предвидени за реализација во периодот јануари-август 2017 година (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања да ја достави Информацијата за степенот на реализација на активности од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија-ревизија 2017 година, предвидени за реализација во периодот јануари-август 2017 година до Собранието на Република Македонија;

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување Меморандум за соработка со Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за реализација на проект за модернизација и трансформација на јавната администрација, со усогласен текст на Меморандум (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка со Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за реализација на проект за модернизација и трансформација на јавната администрација;

2. Се овластува министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, да го потпише Меморандумот за соработка со Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за реализација на проект за модернизација и трансформација на јавната администрација;

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, веднаш по потпишување на Меморандумот за соработка со Владата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за реализација на проект за модернизација и трансформација на јавната администрација, да започне со спроведување на активностите предвидени во Меморандумот и да ги реализира истите до 31 март 2018 година;

**Точка 55**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој и Протокол за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој и Протоколот за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој;

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, во име на Владата на Република Македонија, да ги потпише Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој и Протоколот за спроведување на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за преземање на лица со незаконски престој;

**Точка 56**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за извршени преговори помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со усогласен текст на Протокол и го усвои Извештајот со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе;

2. Го овласти државниот секретар на Министерството за внатрешни работи, Магдалена Несторовска, да го потпише Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе;

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Акцискиот план за 2016-2018 година за реализација на Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012-2020 година (за период јануари-јуни 2017 година) и ја усвои со следниов заклучок:

-Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот завод за индустриска сопственост, Државниот завод за статистика и Министерството за култура, а се укажува на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, Институтот за стандардизација на Република Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, Националната агенција за европски образовани програми и мобилност, Агенцијата за поддршка на претприемништво во Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Централниот регистар на Република Македонија, Македонската академска истражувачка мрежа, Центарот за стручно образование и обука, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да доставаат најдоцна до 15 декември 2017 година до Министерството за образование и наука, потврда на истите номинирани претставници (член и заменик член) или да номинираат нови претставници (член и заменик член) во Советодавната група за иновации;

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами), домашна посета и домашен лекар“, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство еднаш годишно да ја известува Владата за прогресот на Проектот;

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена да донесе процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на зимскиот распуст во учебната 2017/2018 година;

2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од: Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за образование и наука;

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од десет дена да склучи договор за соработка со Црвениот крст со цел вклучување на волонтери во улога на воспитувачи/стручни лица кои ќе бидат со децата за време на превозот и престојот во капацитетите за реализација на услугата одмор и рекреација;

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија во сите редакции, на веб страната на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во ноември/декември 2017 година;

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика веднаш по објавување на јавниот повик во рок од пет дена да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект;

6. Ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Град Скопје, во предложениот текст;

7. Се укажува на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје-Скопје да ги плати трошоците за акцизата и ДДВ за доделените нафтени деривати (во рок од еден месец), по завршувањето на Проектот за користење бесплатна услуга одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за зима 2018 година;

8. Се укажува на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија во рок од три дена од денот на добивањето на Јавниот повик за Проектот за користење бесплатни услуги за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик и корисници на посебен додаток бесплатно да го емитува;

**Точка 60**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје во деловната просторија која се наоѓа на ул. „Маршал Тито“ бр.1 во Тетово, во предложениот текст;

**Точка 61**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за трговија и услуги МИНЕРАЛ МГТ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Гечерлиски Рид-2“, општина Босилово и не ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на Друштвото за трговија и услуги МИНЕРАЛ МГТ ДООЕЛ Струмица на локалитетот „Гечерлиски Рид-2“, општина Босилово;

**Точка 62**

Владата ја разгледа и не ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина–кварцити на Друштвото за производство, трговија и услуги КВАРЦ КОМЕРЦ извоз-увоз Лазар ДООЕЛ с. Кумарино, Велес на локалитетот „Грамади“, кај с. Оморани, општина Чашка;

**Точка 63**

Владата ја донесе Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата, во предложениот текст;

**Точка 64**

Владата го донесе Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на проценка на влијанието на регулативата, во предложениот текст;

**Точка 65**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Авганистан, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката;

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Радмила Шекеринска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана;

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги (најнов текст), со заклучок истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство;

**Точка 67**

Владата го донесе најновиот текст на Решението за изменување на Решението за назначување на ко-претседател, ко-секретар и членови на Мешовитата македонско-баварска меѓувладина комисија, во предложениот текст;

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст;

**Точка 69**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Горан Димовски од Битола, до Уставниот суд на Република Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 8-а, став 1, алинеја 4 од Изборниот законик на Република Македонија во делот „или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот во доставената Иницијатива го оспорува член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик во делот „или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/2016, 67/17 и 125/17);

Имено, членот 8-а став 1 од Изборниот законик гласи:

Член 8-а

(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на Претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на Советот, односно до конституирањето на Советот на општините и градот Скопје не може:

- да се располага со буџетски средства на Република Македонија, средства на буџетите на општините и градот Скопје, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал;

- да се започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година;
- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови, кои не се редовни месечни исплати, односно сите еднogодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори и
- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи;

Во Иницијативата предлагачот наведува дека членот 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик во делот „или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/2016, 67/17 и 125/17), не е во согласност со член 8 алинеја 1, 3 и 5, член 9 член 32 ставови 1 и 2 и член 51 од Уставот на Република Македонија.
Истовремено подносителот на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик во делот„ или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/2016, 67/17 и 125/17), предлага на Уставниот суд на Република Македонија да се донесе решение за поништување/укинување на наведениот член од Законот.

* * *

Во членот 8 од Уставот на Република Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдуваат:

- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и

- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.
Во член 9 од Уставот на Република Македонија уредено е дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 32, став 1 од Уставот на Република Македонија, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Во членот 51 од Уставот на Република Македонија се наведува дека во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

* * *

Согласно член 8-а, став 1, алинеја 4 од Изборниот законик од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на Претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на Советот, односно до конституирањето на Советот на општините и градот Скопје не може меѓудругото, да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи;

Членот 8-а, став 1, алинеја 4 од Изборниот законик е во согласност со Уставот и законите од причина што се работи за процес и постапка кои траат определено време, се со цел да не се злоупотребат буџетски средства, односно финансиски средства за определени цели во тој преоден период;

Имено, во оспорените одредби од Изборниот законик јасно е потенцирано дека одредените постапки за вработување на нови лица, односно престанок на работен однос во државни и јавни институции, односно започнатите постапки кои се ставаат во мирување, може да се реализираат кога се работи за итни и неодложни работи;

Законодавецот предвидел во тој определен период ако државните и јавните институции имаат итни и неодложни работи, кои се битни за непречено вршење на нивните надлежности, односно дејност или би настанала значителна штета доколку одредени работи се вршат спротивно на делокругот на нивната работа постапките за вработување, односно за престанок на работен однос, да бидат реализирани.

Имајќи го предвид горенаведеното, со оспорената одлука не се повредува начелото на владеење на правото и во функција на доследно спроведување на Уставот, со што во конкретниот случај не станува збор за злоупотреба на правата на граѓанинот.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Македонија смета дека оспорениот член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик во делот„ или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции " („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/2016, 67/17 и 125/17), е во согласност со член 8 алинеја 1, 3 и 5, член 9 член 32 ставови 1 и 2 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на членот 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик во делот „или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции" („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/2016, 67/17 и 125/17), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од законот.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Иницијативата од Стамен Филипов од Скопје поднесена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1, во деловите: „и обврските", член 4, член 114 став 1 во делот: „обврските и одговорностите" и член 116 став 1 точка 2 алинеја 2, во делот: „само на Синдикатот потписник на овој колективен договор", од Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија", бр. 108/2013) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата се наведува дека според одредбата на членот 1 од Колективниот договор на Министерството за одбрана, со Колективниот договор се уредуваат, односно доуредуваат правата и обврските од работен однос на работниците во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата) од една страна и Министерството како работодавец од друга страна, како и условите и начинот на остварувањето на правата и обврските од работните односи или во врска со работните односи.

Според член 114 став 1 од Колективниот договор, Министерството и Армијата активно го вклучуваат Синдикатот во процесот на подготвување на закони, подзаконски прописи и други акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите од работен однос на работниците во Министерството и во Армијата.

Се наведува дека оспорените делови од напред наведените одредби се во спротивност со член 37 став 1 од Уставот на Република Македонија, според кој заради осварување на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати..., а не синдикатот заедно со работодавачот на работниците да им наметнува обврски и одговорности, како што е уредено во оспорените одредби.

Исто така, се наведува дека согласно член 184 став 2 од Законот за работните односи, синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која тие доброволно се здружуваат заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси.

Според одредбата на членот 4 од Колективниот договор на Министерството за одбрана, Синдикатот во смисла на овој колективен договор е Синдикатот на одбраната и безбедноста, претставуван од претседателот и неговите овластени претставници.

Според член 116 став 1 точка 2, алинеја 2 од Колективниот договор, за остварување на финасиско-сметководствени работи за потребите на Синдикатот, Министерството врши финансиска услуга која се состои во реализирање на административни забрани на плати. Министерството врши реализирање на финансиско- сметководствени работи, само на Синдикатот потписник на овој колективен договор.

Во контекст на напред наведените одредби, се наведува дека во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија постојат четири синдикати и тоа:
- Синдикат на одбраната и безбедноста, чиј претседател е Ристо Ајтов, потписник на предметниот Колективен договор на Министерството за одбрана,
- Синдикат на одбранбениот и безбедносниот сектор, чиј претседател е Оливер Стојановски,
- Независен синдикат за одбрана, чиј претседател е Ванчо Исајов и
- Независен синдикат на професионалните војници на Република Македонија, чиј претседател е Аднан Алитов, од кои причини оспорената одредба од членот 4 и оспорениот дел од членот 116 став 1 точка 2 од Колективниот договор, не можат и не смеат да постојат како такви, бидејќи другите три синдикати во однос на првиот синдикат се дискриминирани, додека пак првиот синдикат против уставно и против законски е привилегиран во однос на другите три синдикати, што не е во согласност со член 9 од Уставот на Република Македонија.

Ова и од причина што според одредбата на членот 5 од Колективниот договор на Министерството за одбрана, овој колективен договор е задолжителен за сите работници кои имаат засновано работен однос по било кој основ во Министерството и Армијата.

Подносителот на Иницијативата смета дека ако е така, овој колективен договор треба и мора да се однесува и на другите три синдикати, кои се исто така од Министерството за одбрана и од Армијата на Републка Македонија и ако синдикатите можат да се основаат без какво било претходно одобрување во смисла на член 184 став 3 од Законот за работните односи, другите три синдикати не смеат да бидат ставени во понеповолна положба, како што е предвидено во оспорените одредби, што не е во согласност со член 185 став 2 од Законот за работните односи.

Врз основа на напред наведеното, подносителот на Иницијативата смета дека оспорените одредби не се во согласнот со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 37 став 1 и член 51 од Уставот на Република Македонија и член 184 став 3 и член 185 став 2 од Законот за работните односи и му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 1, во деловите: „и обврските", член 4, член 114 став 1 во делот: „обврските и одговорностите", член 116 став 1 точка 2 алинеја 2, во делот: „само на Синдикатот потписник на овој колективен договор", од Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија", бр. 108/2013) и предлага истите да се укинат или поништат.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија е, меѓудругите и владеењето на правото.

Согласно член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и

верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Согласно член 37 став 1 од Уставот, заради остварување на своите економски и социјални права, граѓаните имаат право да основаат синдикати.

Согласно член 51 од Уставот, во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон (став 1).

Секој е должен да ги почитува Уставот и законите (став 2).

Согласно член 184 Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015 и 27/2016), работниците имаат право, по свој слободен избор, да основаат синдикат и во него да се зачленуваат, под условите пропишани со статутот или правилата на тој синдикат (став 1).

Синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која доброволно се здружуваат заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси (став 2).

Работодавачите имаат право, по свој слободен избор, да основаат здружение и во него да се зачленуваат, под условите пропишани со статутот или правилата на тоа здружение (став 3).

Здружението на работодавачите е самостојна, демократска и независна организација во која работодавачите доброволно стапуваат заради претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други интереси (став 4).

Синдикатите и здруженијата од ставовите (1) и (3) на овој член можат да се основаат без какво било претходно одобрување (став 5).

Согласно член 185 од Законот, работникот, односно работодавачот слободно одлучува за своето стапување и истапување од синдикатот, односно здружението на работодавачите (став 1).

Никој не смее да биде ставен во понеповолна положба поради членство или нечленство во синдикатот, односно здружението на работодавачите, односно учество или не¬учество во дејноста на синдикатот, односно здружението на работодавачите (став 2).

По повод поднесената иницијатива за поведување на постапката за оценување на уставноста и законитоста на напред наведените одредби од Колективниот договор на Министерството за одбрана, Владата на Република Македонија смета дека истите не се во спротивност со наведените одредби од Уставот на Република Македонија и Законот за работните односи, од следните причини:

Имено, во членот 1 од Колективниот договор на Министерството за одбрана, е уредено дека со овој колективен договор се уредуваат, односно доуредуваат правата и обврските од работен однос на работниците во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата) од една страна и Министерството како

работодавец од друга страна, како и условите и начинот на остварувањето на правата и обврските од работните односи или во врска со работните односи.

Во членот 114 во став 1 е уредено дека Министерството и Армијата активно го вклучуваат Синдикатот во процесот на подготвување на закони, подзаконски прописи и други акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите од работен однос на работниците во Министерството и во Армијата.

Според подносителот на Иницијативата, во оспорените одредби на напред наведените членови од Колективниот договор, спорни се зборовите: „и обврските“, и зборовите: „обврските и одговорностите“, но работниците при засновање на работниот однос склучуваат Договор за вработување со работодавецот, со кој се уредуваат права и обврски од работен однос за двете страни на договорот согласно Законот за работните односи и Законот за облигационите односи, од кои причини се смета дека членот 1 во деловите: „и обврските“ и членот 114 став 1 во делот: „обврските и одговорностите“, не се во спротивност со членот 37 од Уставот на Република Македонија, во кој е утврдено дека заради остварување на своите економски и социјални права граѓаните имаат право да основаат синдикати, а синдикатите можат да основаат свои сојузи и да членуваат во меѓународни синдикални организации.

Исто така, условите за остварување на правото на синдикално организирање во вооружените сили може да се ограничат само со закон, од кои причини одредбата од членот 4 и одредбата од членот 114 став 1 од Колективниот договор, не се во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата исто така го оспорува членот 116 став 1 точка 2 алинеја 2 од Колективниот договор, според кој за остварување на финансиско-сметководствени работи за потребите на Синдикатот, Министерството врши финансиска услуга како што е реализирање на административни забрани на плати на работниците членови на Синдикатот, и смета дека според наведената одредба реализирањето на финансиско- сметководствените работи Министерството ги врши само на Синдикатот потписник на овој колективен договор, што смета дека не е во согласност со член 184 став 3 и член 185 став 2 од Законот за работните односи.

Се смета дека одредбите од член 116 став 1 точка 2 алинеја 2 од Колективниот договор, не е во спротивност со член 184 став 3 и член 185 став 2 од Законот за работните односи, од причина што и покрај тоа што со нив е уредено вршењето на финасиските услуги и реализирање на административните забрани на плати само за Синдикатот на одбраната и безбедноста кој е потписник на овој колективен договор, по основањето на другите синдикати, Секторот за финансии во Министерството за одбрана врши финансиско-сметководствени работи и реализирање на административни забрани на плати за сите синдикати на Министерството за одбрана, со цел да не бидат во дискриминирана положба во однос на Синдикатот на одбраната и безбедноста, кој е потписник на овој колективен договор.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека оспорените одредби од член 1 во деловите: „и обврските", член 4, член 114 став 1, во делот: „обврските и одговорностите" и член 116 став 1 точка 2 алинеја 2 во делот: „само на Синдикатот потписник на овој колективен договор" од Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2013) се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3, член 9, член 37 став 1 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка

за оценување на усгавноста на член 1 во деловите: „и обврските", член 4, член 114 став 1, во делот: „обврските и одговорностите" и член 116 став 1 точка 2 алинеја 2 во делот: „само на Синдикатот потписник на овој колективен договор" од Колективниот договор на Министерството за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/2013).

**Точка 71**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стамен Филипов од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.91/2017, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“, бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016 и 172/2016) и притоа го утврди следново мислење:

Со поднесената Иницијатива подносителот му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на член 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/2013);

Имено, подносителот на Иницијативата образложува дека според членот 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности „запишување по службена должност“ е запишување на правото на сопственост и другите стварни права во катастарот на недвижности на Република Македонија и ажурирање на податоците од катастарот на недвижности, како и во други случаи предвидени со овој закон, меѓутоа истиот како израз „запишување по службен должност“ не наоѓал понатамошна примена во Законот за катастар на недвижности од причина што сите запишувања на правото на сопственост и други стварни права во катастарот на недвижности на Република Македонија се вршеле само по пријава на запишување;

Во таа насока подносителот упатува на членот 202 од Законот за катастар на недвижности, според кој носителот на правата на недвижностите е должен во рок од 30 дена од денот на настанување на промената на недвижноста да поднесе пријава за запишување на промената во катастарот на недвижности, а според член 246 став 1 точка 2 од истиот закон, на правното лице му се изрекува глоба за прекршок ако во пропишаниот рок не поднесе пријава за запишување на промената во катастарот на недвижности до Агенцијата, согласно членот 202 од овој закон;

Понатаму во Инцијативата се наведува дека според член 2 точка 23 од Законот за катастар на недвижности, „подносител на пријава за запишување“ е носителот на правото на недвижности, негов законски застапник, полномошник, овластен претставник, законски наследник на починатиот носител на правото на сопственост, заинтересираното лице или лице кое е овластено да бара запишување согласно со закон, а според точка 9 од истиот член, „носител на право“ е физичко лице, правно лице, Република Македонија или единица на локалната самоуправа и градот Скопје на чие име е запишано правото на недвижноста во катастарот на недвижноста;

Освен наведеното, подносителот во Иницијативата наведува дека требало да се има во предвид и фактот дека во Законот за катастар на недвижности нема посебна глава, поднаслов, наслов или одредба за „запишување по службена должност“, така што оспорената законска точка во пракса не се спроведувала или пак ако истата се спроведувала тоа се правело на недозволен и самовластен начин, со што се повредувала темелната вредност на уставниот поредок на Република Македонија-владеење на правото, од член 8 став 1 алинеја 3 и членот 51 од Уставот на Република Македонија;

Во смисла на горенаведеното подносителот укажува дека владеењето на правото подразбира доследна примена на законските прописи, кои треба да се општи, точно определени и недвосмислано формулирани правила, а не непрецизни одредби како што тоа е случајот со

оспорената законска одредба, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на членот 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности, и истата да ја укине или поништи.
Во членот 30 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека:
„Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување.
Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата.
Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.
Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.“
Во членот 51 од Уставот на Република Македонија е пропишано дека:
„Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.
Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.“

Во член 8 од Законот за катастар на недвижности е утврдена надлежноста на Агенцијата за катастар на недвижности, при што според ставот (1) алинеја 6 од овој член, надлежност на Агенцијата е востановување и одржување на катастарот на недвижности, додека пак во ставот (2) од истиот член, е утврдено за кои видови на запишувања на недвижност, меѓу кои и премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија и премерот во функција на ажурирање на податоците по службена должност, Агенцијата ги врши без надоместок.

Според член 57 став (2) од Законот, премерот се врши по служена должност од страна на Агенцијата при одржување на катастарот на недвижности во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, во функција на ажурирање на податоците од катастарот на недвижности по службена должност за недвижностите кои останале со незапишани права, како и во функција на одржување на државната граница, а според ставот (3) од истиот член, премерот во функција на ажурирање на податоците од катастарот на недвижностите се врши по службена должност за катастарските општини кои пред влегувањето во сила на катастарот на недвижности биле со катастар на земјиште востановен врз основа на попис (пописен катастар) и за кои процентот на незапишани права при востановувањето на катастарот на недвижности е поголем од 20%.

Според член 80 став (1) од Законот, во катастарот на недвижности промена на катастарската култура и класа се врши по пријава на странка, а според ставот (2) утврдени се случаите кои се сметаат за исклучок од ставот (1) и според кои промена на катастарска култура и класа може да се врши по службена должност.

Согласно член 171 став (1) од Законот, предбележувањето е условно укнижување на стекнувањето или престанокот на правото на сопственост и на подобликите на правото на сопственост на недвижност кога е поднесена пријава за запишување во катастарот на недвижности, а не се исполнети правните претпоставки односно условите за запишувањето од членот 176 од овој закон и доколку основот за конечното укнижување не е достатно застапен. Според ставот (3) од истиот член, по истекот на шест месеци од денот на извршеното предбележување, предбележувањето не произведува правно дејство и може да се брише по пријава на носителот на правото на сопственост на недвижноста на која е извршено предбележувањето, а согласно став (4) од овој член, доколку бришењето на предбележувањето не се изврши во рокот утврден во ставот (3) на овој член, Агенцијата по службена должност ќе го избрише предбележувањето.

Со член 209 од Законот, уредено е отстранувањето на грешки, при што во ставот (1) наведено е такстативно што се подразбира под грешка направена при прибирањето и запишувањето на податоците на недвижностите, додека пак според ставот (3) од овој член,

утврдено е дека грешките од ставовите (1) и (2) од овој член се отстрануваат со пријава на странка и по службена должност со потврда за исправка на грешка.

Согласно член 210 ставови (1) и (2) од Законот, во одржување на катастарот на недвижности се врши ажурирање на податоците за недвижностите, по службена должност и по пријава на странка.

Во членот 211 од Законот уредено е ажурирањето на податоците по службена должност.

Се смета дека наводите изнесени во Иницијативата за оценка на уставноста на член 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности се неосновани од следните причини:

Со оспорениот член 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности пропишано е дека:
„24. „Запишување по службена должност" е запишување на правото на сопственост и другите стварни права во катастарот на недвижностите на Република Македонија и ажурирање на податоците од катастарот на недвижностите, како и во други случаи предвидени со овој закон;".

Наведеното запишување по службена должност не значи дека запишувањето може да се изврши без да се достави пријава за запишување уредно пополнета со потребните податоци, како за носителот на правото/подносителот на пријавата, така и за недвижноста предмет на запишување и правниот основ врз основа на кој се бара да се изврши запишувањето. Притоа, за овој вид на запишување во катастарот на недвижност и не се плаќа надоместок.

Во наведениот член 2 точката 23 од Законот за катастар на недвижности пропишано е кој може да биде подносител на пријавата за запишување, па така според истата точка:
„23. „Подносител на пријава за запишување" е носителот на правото на недвижноста, негов законски застапник, полномошник, овластен претставник, законскиот наследник на починатиот носител на правото на сопственост, заинтересирано лице или лице кое е овластено да бара запишување согласно со закон;".

Со оглед дека со оспорената одредба од член 2 точка 24 од Законот, дефинирано е дека запишување по службена должност е запишување на правото на сопственост и другите стварни права во катастарот на недвижности на Република Македонија, ажурирање на податоците од катастарот на недвижност, како и во други случаи предвидени со овој закон, се укажува дека идејата на законодавецот била јасна и недвосмислена, со оглед дека самото запишување по службена должност претставува и запишување во катастарот на недвижности при ажурирање, при отстранување на грешки како и други случаи наведени низ текстот на законот (како на пример во горенаведените согласно членовите 8, 57, 80, 171, 209, 210 и 211).

Од наведеното произлегува дека доколку се бара запишување по службена должност на правото на сопственост и другите стварни права во катастарот на недвижностите на Република Македонија, пријавата за запишување треба да ја поднесе Државниот правобранител на Република Македонија како лице овластено да бара запишување согласно со закон. Доколку пак се бара ажурирање на податоците за недвижностите по службена должност согласно со одредбите од член 211 од Законот за катастар на недвижности, тогаш пријавата за запишување може да ја поднесе носителот на правото на недвижноста, негов законски застапник, полномошник, овластен претставник, законскиот наследник на починатиот носител на правото на сопственост или заинтересирано лице. И за едниот и за другиот вид запишување како запишување по службена должност не се плаќа надоместок за запишувањето.

Притоа, се укажува на фактот дека не се точни наводите изнесени во Иницијативата дека не постојат одредби во Законот за катастар на недвижности за запишување по службена должност, бидејќи ажурирањето на податоците за недвижностите како вид на запишување по службена должност е уредено со одредбите од член 211 од Законот, а за запишувањето на правото на сопственост и другите стварни права на недвижностите на Република Македонија се применуваат одредбите кои се однесуваат на другите запишувања, само што за истото не се плаќа надоместок.

Оттука, се смета дека терминот запишување по службена должност не се подразбира само како обврска на носителот на правата на недвижности во смисла на членот 202, односно членот 246 од Законот за катастар на недвижности, туку истиот опфаќа и пошироко значење во смисла на запишување во катастарот на недвижности при ажурирање на истиот, при отстранување на грешки или во други случаи пропишани со закон.

Во оваа смисла одредбите на членот 2 точка 24 од Законот за катастар на недвижности не се противуставни и се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Поради наведеното, се смета дека член 2, точка 24 од Законот за катастар на недвижности не е во спротивност со Уставот на Република Македонија, заради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија поднесената Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 72

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Светскиот Македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.89/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно - атлантската договорна организација – НАТО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/1993) и притоа го утврди следново мислење:

Согласно Иницијаторот Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно-атлантската договорна организација-НАТО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/1993) не е во согласност со членот 1, членот 2, членот 8 став 1 алинеја 3, членот 51 и членот 120 од Уставот на Република Македонија. Имено клучниот наод на барателот е заснован на прекршување на членот 120 од Уставот, по што консеквентно следи заклучокот и за прекршувањата на сите други цитирани одредби. Членот 120 гласи:

„Предлог за стапување во сојуз или заедница со други држави или истапување од сојуз или заедница со други држави можат да поднесат Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 40 пратеници.

Одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави ја донесува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Одлуката за стапување или истапување од сојуз или заедница со други држави е усвоена, ако на референдум за неа гласало мнозинството од вкупниот број избирачи.“

Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во НАТО е донесена врз основа на членот 121 од Уставот кој гласи:

„Одлука за стапување во членство или за истапување од членство во меѓународни организации донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници по предлог од Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 40 пратеници“.

Оттука следи заклучокот на Иницијаторот дека НАТО не е меѓународна организација, туку политички и воен сојуз на држави и затоа, Одлуката за пристапување на Република Македонија во

сојуз со НАТО Алијансата треба да се донесе во согласност со членот 120 од Уставот на Република Македонија.

Владата смета дека Иницијативата е неоснована и истата треба да се одбие како таква од Уставниот суд на Република Македонија. Имено ставот дека НАТО не е меѓународна организација е произволна интерпретација на Иницијаторот и истата е спротивна на меѓународната пракса и меѓународните обичаи. Третирањето на пристапувањето кон НАТО како пристапување кон сојуз или заедница со други држави е неправилно и нетипично за меѓународното компаративно право и праксата на цивилизираните држави. Напротив, третирањето на НАТО како меѓународна организација е општо прифатено во меѓународната пракса и претставува меѓународен обичај. Во оваа насока е и фактот што НАТО како меѓународна организација е присутен во најкомплетниот преглед на меѓународни владини организации, а тоа е годишникот на меѓународни организации – „Yearbook of International Organizations" кој претставува најкомплетен преглед на сите меѓународни организации  на светско ниво кој ги исполнуваат условите да бидат прифатени како  меѓународни организации според меѓународното обичајно право.

Исто така, фактот дека НАТО е меѓународна организација може да се провери и преку анализа на дефиницијата на меѓународна организација.  Имено поимот меѓународна организација е дефиниран преку меѓународното обичајно право а една од најчесто користените дефиниции е дефиницијата од годишниот извештај на Комисијата за меѓународно право при ООН: „Меѓународна организација" значи организација формирана со договор или друг правен инструмент регулиран со меѓународно право и истата претставува независен субјект на меѓународното право. Меѓународните организации имаат свое членство кое покрај државите може да опфаќа и други субјекти . Од анализа на дефиницијата се кристализираат три основни елементи кои една организација мора да ги исполнува за да биде меѓународна владина организација, и тоа:

1. Да биде основана со меѓународен договор или друг инструмент регулиран со меѓународно право;

2. Да поседува меѓународно правен субјективитет, т.е. да има автономни органи кои донесуваат свои независни одлуки;

3. Да биде составена од суверени држави како нејзини членки;

Ако го анализираме НАТО од аспект на овие три критериуми кои меѓународното право ги поставува како основни услови за една организација да се нарекува меѓународна владина организација ќе заклучиме дека НАТО ги исполнува сите три критериуми, и тоа:

1. НАТО е основан со меѓународен договор како меѓународна безбедносна организација со потпишувањето на Северно-Атлантскиот Договор на 4 април 1949 година во Вашингтон;

2. НАТО е субјект на меѓународното право и има свои органи кои се дел од неговата политичка или цивилна структура. Најважни се Советот на НАТО и неговото Парламентарно собрание и во нив се одлучува со гласање, што јасно укажува дека одлуките на НАТО ги донесуваат неговите органи а не државите членки;

3. НАТО е составен од 29 суверени држави членки и има воспоставено механизам за проширување согласно одредбите на основачкиот договор, според што и се одвива процесот на проширување на НАТО, од кој дел е и Република Македонија;

Понатаму, од анализата на оспорените уставни одредби произлегува дека Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно - атлантската договорна организација – НАТО е донесена согласно уставот и законите, ова од причина што треба комплементарно и во целина да се применуваат одредбите на истите. Имено, оспорената одлука е донесена врз основа на член 121 од Уставот на Република Македонија, кој е дел од главата VI. Меѓународни односи и изречно го уредува прашањето за стапување и истапување од членство во меѓународни организации. Ова дотолку повеќе што по самиот статус на Северно - атлантската договорна организација – НАТО и од називот на истата (кратенка на англиски и француски јазик NATO/OTAN) недвосмислено е дека се работи за меѓународна организација. Оттука при донесување на Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно-атлантската договорна организација – НАТО законодавецот се раководел од меѓународно прифатениот термин, а не по лично убедување дека НАТО претставува исклучиво политички и воен сојуз.

Согласно наведеното се смета дека и во член 5 од Договорот меѓу државите – страни во Северoатланскиот договор и другите држави-учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили ратификуван со Законот за ратификација на Договорот меѓу државите страни во Северoатланскиот договор и другите држави-учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили и Дополнителниот протокол меѓу државите страни во Северoатланскиот договор и другите држави-учеснички во Партнерството за мир за статусот на нивните сили, наведено дека овој договор ќе биде отворен за потпишување од било која држава која е или договорна страна во СОФА договорот на НАТО или ја прифатила поканата за Партнерство за мир и го потпишала Рамковниот документ на Партнерството за мир.

Што значи, децидно е наведено дека се работи за партнерство за мир меѓу државите, а не станува збор за други цели како политички и воени, односно дека Северно – атлантската договорна организација-НАТО е меѓународна организација која здружува повеќе држави членки за заеднички цели.

Согласно горенаведеното, со оспорената Одлука не се повредува начелото на владеење на правото и во функција на доследно спроведување на Уставот со што во конкретниот случај не станува збор за злоупотреба на приоритетите на Република Македонија.

Владата смета дека, ставот на иницијаторот дека НАТО не е меѓународна организација е произволна интерпретација на иницијаторот и истата е спротивна на меѓународната пракса и меѓународните обичаи, а согласно наводите изнесени погоре Собранието на Република Македонија постапило правилно со донесување на Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно - атлантската договорна организација – НАТО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/1993) и правилно го третирало НАТО како меѓународна организација. Оттука Одлуката е во согласност со Уставот и Законите во Република Македонија.

Поради тоа, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата поднесена од Светскиот Македонски конгрес од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.89/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Одлуката за стапување на Република Македонија во членство во Северно - атлантската договорна организација – НАТО („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/1993).

**Точка 73**

Владата ја разгледа Иницијативата до овластени предлагачи за измена и дополнување на закони и други подзаконски акти, доставена од Народниот правобранител на Република Македонија под број 1534/17 од 16.8.2017 година и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, во кои е подржана Иницијативата за Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Законот за семејство и Законот за средно образование, ја прифати Иницијативата и заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Македонија, согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“, бр. 62/2003, 114/2009, 181/2016 и 189/2016);

**Точка 74**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување) И.бр.78/16 и за Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 175 став 4 од Законот за извршување) а во врска со член 265 од Законот за извршување и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски;

**Точка 75**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.108569 за КО Центар 1 на КП бр.9492/1, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Понудата;

**Точка 76**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Махир Зибери од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.9 за КО Побожје на КП бр.971 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски;

**Точка 77**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.10315, за КО Драчево, за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Понудата;

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.8826 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.9782/3 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски;

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александар Гуњовски од Штип за продажба на недвижен имот во Штип со Имотен лист бр.10779 за КО Таринци на КП бр.945 и КП бр.983 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски;

**Точка 80**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје под И бр.622/17 за налог за извршување врз недвижност, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, да достави мислење по Известувањето;

**Точка 81**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска именуван за подрачјето на судовите Скопје 1 и 2 за Заклучокот за трета усна јавна продажба (врз основа на чл.167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр.479/2016 и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски;

**Точка 82**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Антончо Коштанов за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување) И.бр.489/16 и Записник за продажба на недвижност со усно јавно наддавање (врз основа на член 186 став 4 од Законот за извршување), поради Заклучокот за запирање на извршување (врз основа на член 29 став 1, член 46 став 3 и член 93 од Законот за извршување) доставен од страна на извршител Антончо Коштанов;

**Точка 83**

1. Владата го именува Стево Пендаровски за Национален координатор за подготовка на Република Македонија за членство во НАТО и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата;

2. Владата го разреши Бранко Јанев од должноста член на Управниот одбор на ЈП „Службен весник на Република Македонија", од редот на афирмирани и стручни лица;

2.1 Владата ја именува Маја Димитриева за член на Управниот одбор на ЈП „Службен весник на Република Македонија"од редот на афирмирани и стручни лица;

3. Владата од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом –Струмица на нивно барање, ги разреши:

- Ристо Ангелов, и
- Билјана Христова

3.1 Владата за членови на Управниот одбор – претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом –Струмица, ги именува:

- Јасминка Ѓорѓиева и
- Лора Папазова

4. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Институтот за стандардизација за членови-претставници на основачот во Советот на Институтот за стандардизација на Република Македонија да ги именува:

- Ангелина Бачановиќ
- Кристина Сотировска

5. Владата за претседател и членови на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работата на медијацијата, да ги именува:

а) за претседател:

- проф. д-р Марко Андонов, од Интрауниверзитетска конференција

б) за членови:

- Роза Алексова од Комора на медијатори
- Влатко Самарџиски од Судскиот совет на Република Македонија
- Адвокат Светлана Димовска од Адвокатска комора на Република Македонија
- д-р Ана Фрицханд од Комора на психолози на Република Македонија
- Неџбије Хисмани Ќахили од Министерство за правда
- Љубица Панова од Министерство за труд и социјална политика
- Нериман Џеладини од Министерство за економија
- д-р Татјана Штерјова од Стопанска комора на Македонија
- Страшо Јованов од Унија на потрошувачите на Македонија

6. Владата им утврди престанок на мандатот, на досегашните членови на Советот за јавни набавки:

- Борче Христов,
- Зоран Трајановски,
- Златко Алексов,
- Ивица Костојчиновски,
- Суад Зејнуловиќ,
- Виолета Шаклева и

- Јетон Незири

согласно 3 од Законот за изменување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/2017), кој стапи на сила на 24.11.2017 година.

7. Владата ја разреши Соња Карапец од должноста член на Управниот одбор на ЈП Стрежево-Битола;

8. Владата го разреши Методија Илиевски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП Стрежево-Битола;

9. Владата ја разреши Жаклина Наумовска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“-Битола;

10. Владата го разреши Влатко Шеровски од должноста член на Управниот одбор на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството-Битола;

11. Владата ја разреши Виолета Дракалска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола;

12. Владата го разреши Ѓорги Аризанов од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат”-Скопје;

13. Владата ја разреши Мирјана Пеева од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово;

14. Владата ја разреши Маја Хеско од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Велес:

15. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ Пробиштип ги разреши:

    - Митко Илиевски и
    - Маријана Рогожарска

16. Владата го разреши Неби Реџепи од должноста член на Управниот одбор на Агенција за планирање на просторот;

17. Владата го разреши Ташко Дојчинов од должноста член на Управниот одбор на Агенција за управување со одземен имот;

18. Владата го разреши Тодор Ристов од должноста член на Управниот одбор - претставник од основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија;

19. Владата ја разреши Соња Дамјаноска од должноста член на Огранот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар;

20. Владата го разреши Драган Маневски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за водостопанство „Лисиче“-Велес;

21. Владата го разреши Исмаилаки Алиу од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Прилеп;

22. Владата ја разреши Василка Дрварова од должноста член на Управниот одбор - претставник од основачот на Државниот ученички дом „Крсте Петков Мисирков“-Кавадарци;

23. Владата го разреши Ташо Радњански од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за берзанско работење „Агро-берза” со П.О.Скопје;

24. Владата ја разреши Марија Андонова Стоименова од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта– Скопје;

25. Владата го разреши Џемаил Ахмеди од должноста член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ Кичево;

26. Владата го разреши Влатко Постолов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Кратово;

27. Владата го разреши Свете Стојмановски од должноста член на Управниот одбор-претставник од основачот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово;

28. Владата ја разреши Евгенија Петроска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Крушево;

29. Владата ја разреши Атина Мургашанска од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за државни патишта;

30. Владата од должноста членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод ги разреши:

    - Митре Јосифоски и

- Ивица Стојкоски

31. Владата ја разреши Живка Ангелоска од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница-Охрид;

32. Владата го разреши Никола Багески од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Прилеп;

33. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми”-П.О-Скопје ги разреши:

    - Никола Станковски и
    - Оливер Тоновски

34. Владата го разреши Кире Алексов од должноста член на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица''-Пробиштип;

35. Владата од должноста членови на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен”-Скопје, ги разреши:

    - Марјан Даскаловски и
    - Ирена Станковска

36. Владата го разреши Живе Алексовски од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница-Тетово;

37. Владата ја разреши Анастасија Блажевска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово;

38. Владата ја разреши Даница Рамбабова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје;

39. Владата ја разреши Слободанка Момчилова од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип;

40. Владата го отповика Томче Ѓуровски од должноста член на Надзорниот одбор на АД за транспорт македонски железници транспорт АД-Скопје;

41. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, ги разреши:

    - Александар Трајковски и
    - Наташа Пеливанова

42. Владата го разреши Мартин Ристов од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ за сместување на лица баратели на право на азил „Прифатен центар за баратели на азил“-Скопје;

43. Владата го отповика Гавро Маркоски од должноста член на Надзорниот одбор на ДООЕЛ Шински возила Велес;

44. Владата ја разреши Наташа Вучидолова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје;

45. Владата го разреши Владимир Станивуковиќ од должноста член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија;

46. Владата го разреши Мики Филев од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје;

47. Владата го разреши Ѓошо Вангелов од должноста член на Управниот одбор на ЈП за државни патишта на Република Македонија;

48. Владата ја разреши Бети Дејанова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје и од член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје;

49. Владата за членови на Управниот одбор на Македонската академска истражувачка мрежа, да ги именува:

- Љубица Карамaнди од Министерството за образование и наука;
- Димитар Манчев од Министерството за информатичко општество и аминистрација;
- проф. д-р Анастас Мишев, од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- проф. д-р Зоран Здравев од Факулетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- доц. д-р Агрон Мемети од Универзитетот во Тетово;
- проф.д-р Илија Јолевски од Универзитет Св.Климент Охридски во Битола и
- проф д-р Иван Бимбиловски од Универзитет за информатички технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид;

50. Владата ја разреши Ирина Димовска од должноста претседател на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, на нејзино барање;

51. Владата го разреши Горан Ковачевски од должноста член на Управниот одбор на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, на негово барање;

52. Владата го разреши Стојанче Кировски од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за берзанско работење АГРО-БЕРЗА-Скопје, на негово барање;

53. Владата го разреши Фарук Зекири од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта–Скопје, на негово барање;

54. Владата го разреши Климент Стоилов од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Виница, на негово барање;

55. Владата го разреши Огнен Миовски од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Пехчево, на негово барање;

56. Владата на Цветанка Кормушоска, државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија, за подрачјето на Скопје и ја продолжи функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје за период од 1 (една) година до навршување на 65 години возраст, сметано од 3.12.2017 година, а заклучно со 3.12.2018 година;

57. Владата на Ѓоко Танасовски, вршител на должност директор на Царинската управа му утврди право на надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија, претходните три месеци, сметано од 3.8.2017 година;

58. Владата на Вангелија Велева вршител на должност директор на Педагошката служба и утврди право на надоместок на трошоците за одвоен живот од семејството во висина од 30% од просечната месечна нето плата исплатена во Република Македонија за месец август и септември 2017 година, сметано од 3.8.2017 година;

**Точка 84**

1. Владата го задолжи Министерството за образование и наука да подготви и во рок од еден месец до Владата да достави Извештај за тоа колку студенти досега се стипендирани од страна на Република Македонија во странство, во кои области поодделно и каде се наоѓаат истите во моментот, како и да предложи стратегија за нивно вработување во државниот или јавниот сектор, по завршување на студиите и нивно враќање во Република Македонија;

2. Владата го разгледа Барањето од Министерството за внатрешни работи, со рег.бр.22.4-79370/1 од 20.11.2017 година за престанување на важење на заклучоци од Нацрт - записникот од 15-та седница на Владата на Република Македонија, точка 113, Прашања и предлози, одржана на 20.9.2011 година, во врска со Информацијата за преземени мерки во делот на заштита на права од интелектуална сопственост, Информацијата за активности на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Закон за заштита од бучава во животна средина, Информацијата за Закон за јавна чистота и Информацијата за откриени случаи на криумчарење на земјоделско прехранбени производи и жив добиток на гранични премини и илегални преминувања на државната граница, како и точка 2 од Заклучокот бр.44, од Нацрт – записникот од 86-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 25.9.2012 година, во врска со евиденцијата на бројот на случаи на насилство во училиштата, го прифати Барањето и заклучи заклучоците за доставување на овие информации да престанат да важат;

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 20.11.2017 до 26.11.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија;

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 13.11.2017 до 19.11.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија;

5. Владата се информираше со Записникот од Заедничката седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, одржана на 23.11.2017 година;

6. Со цел навремено и транспарентно функционирање на Центарот за управување со кризи, а во насока на редовно и навремено информирање на граѓаните за природните непогоди, Владата заклучи да препорача на Центарот за управување со кризи, покрај отворената веб страна, 24 часа да ги информира граѓаните и преку социјалните мрежи во период на кризна состојба на територијата на државата;

7. Претседателот на Владата на Република Македонија ги информираше членовите на Владата дека донесе Решение за именување на Весна Марашевиќ за заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија;

8. Владата се информираше со Писмото од амбасадорот на Република Бугарија до генералниот секретар на Владата на Република Македонија и го задолжи

генералниот секретар на Владата при закажување на седница на Владата во периодот од 17 до 19 јануари 2018 година да планира обраќање на амбасадорот на Република Бугарија по повод преземањето на претседателството со Советот на ЕУ на Република Бугарија;

9. Владата, на предлог на Роберт Алаѓозоски, министер за култура заклучи за претседател и членови на Организацискиот одбор за прослава на државниот празник 8 Декември – „Св. Климент Охридски“ да ги именува: за претседател Роберт Алаѓозовски, министер за култура и членови Рената Тренеска-Десковска, министер за образование и наука, Аднан Ќахил, министер без ресор задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор задолжен за дијаспора и Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија;

**Точка 85**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за септември 2017 година, како материјал за информирање;

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за регистрирани инциденти на насилство во училиштата и преземени мерки во периодот од 1 јули до 30 септември 2017 година, како материјал за информирање;

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за активности на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Законот за јавна чистота во периодот од 1.7.2017 година до 30.9.2017 година, како материјал за информирање;

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.7.2017 година до 30.9.2017 година, како материјал за информирање;

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки во делот на заштита на права од интелектуална сопственост за периодот од 1 јули до 30 септември 2017 година, како материјал за информирање;

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за предвидените активности за усогласување на Нацрт-текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка во

областа на борбата против трговија со луѓе, како материјал за информирање, со следново изменување:

-претпоследниот став од Информацијата да се префомулира во смисла дека средбата на експертско ниво меѓу двете страни е одржана во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во период од 30.10-1.11.2017 година;

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за резултатите што ги постигнале учениците од Македонија во меѓународните програми за оценување (PISA и TIMSS) и реформите што произлегуваат од постигнатите резултати (Исход 1.2.2 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука во рок од шест месеци да подготви и до Владата да достави акциски план за подобрување на состојбата во образовниот сиситем во Република Македонија (во основното и средното образование);

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активности во реализација на проектот „Награди за најдобрите ученици во областа математика и природни науки“ (за период јануари - септември 2017 година), како материјал за информирање;

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементација на проектот „Еден клик“ (јуни–август 2017 година), како материјал за информирање;

**Точка 94**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со реализација на проектот ,,Инвестирај во својата иднина-стипендии за последипломски и докторски студии” (статус октомври 2017 година), како материјал за информирање;

**Точка 95**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите (април-септември 2017 година) во врска со проектот „Стимулација за упис на техничките факултети“, како материјал за информирање;

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на доделени стипендии на ниво на средно и високо образование за предмети за кои што се предвидува дека ќе бидат дефицитарни на пазарот на труд

(Исход 1.2.3 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016 – 2020 година), како материјал за информирање;

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на младите лица без квалификации што ги користеле ISCED 3 програмите (Исход 1.2.6 од Акцискиот план за вработување на млади лица 2016-2020 година), како материјал за информирање;

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на идентификувани ученици под ризик од прерано напуштање на образованието и бројот на ученици што добиваат индивидуализирана поддршка за да останат на училиште и да се стекнат со квалификации (Исход 1.2.5 од Акциски план за вработување на млади лица 2016 - 2020 година), како материјал за информирање;

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата со детален проект за основање на Специјализирана национална математичка гимназија во Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви анализа и да достави предлог со активности за основање на Специјализирана национална математичка гимназија;

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за финансии да изнајде средства во рамките на постојниот буџет за реализација на овие активности;

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите за реализација на проектот „Набавка на 300.000 таблет компјутери“, за периодот септември 2016-септември 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука повеќе да не доставува информација во врска со Проектот;

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Намалување на партиципацијата за 50% на студентите од самохрани и еднородителски семејства“, како материјал за информирање;

**Точка 102**

Владата ја разгледа Информацијата за пресуда, со иницијатива за изменување и дополнување на законска регулатива, како материјал за информирање, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за труд и социјална политика, со кое предложената иницијатива ќе биде земена во предвид при подготовката на следните изменувања и дополнувања на Законот за работните односи;

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на проектот-Истражувања, заштита, конзервација, реставрација, реконструкција и презентација на Античкиот театар во Скупи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура и Управата за заштита на културното наследство, средствата потребни за реализација на овој проект да ги обезбедат во рамките на сопствениот буџет;

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Археолошки локалитети“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Управата за заштита на културното наследство, како носител на археолошките активности, да предложи мерки за непосредна заштита на локалитетите кои се предмет на истражување на проектот „Археолошки локалитети“ и да издвои финансиски средства во рамките на сопствениот буџет за оваа намена;

**Точка 105**

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Елена Грозданова, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ирена Ристеска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка, Предлог – законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Македонија со Писмо бр.44-6899/1 од 15.11.2017 година;

**Точка 106**

Владата ја донесе Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанување на важење на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година и условно ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, доколку Министерството за финасии во соработка со Секретаријатот за законодавство го усогласат текстот на Одлуката;

**Точка 108**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за предавање на опрема, инвентар, архива, документација, средства за работа и други средства од Советот за јавни набавки на Министерството за финансии, со Предлог – решение и имајќи ги предвид одредбите на Законот за изменување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/17), заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка и Агенцијата за храна и ветеринарство, на барање на министерот за финансии, да ги номинираат преземените лица од Советот за јавни набавки (вкупно 11 лица), за членови во пописната комисија која ќе ја формира министерот за финансии - Комисија за предавање на опрема, инвентар, архива, документација, средства за работа и други средства од Советот за јавни набавки на Министерството за финансии, со цел вршење попис на преземената опрема, ствари и имот со денот на влегување во сила на Законот за изменување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 165/17);

2. Се задолжува Државниот архив на Република Македонија, да стави на располагање тројца вработени на Комисијата за предавање на опрема, инвентар, архива, документација, средства за работа и други средства на Министерството за финансии, со цел давање на стручна помош при подготовка на прегледот на документарен и архивски материјал за предавање на Министерството за финансии, заради соодветна примена на одредбите од Законот за архивски материјал и подзаконските акти за канцелариско и архивско работење;

**Точка 109**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Собрание на акционери на Интернационален Картичен Систем АД Скопје, закажано за 30 ноември 2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Александра Димовска, раководител на одделение за сметководствен систем, платен промет и ревизија во Министерството за финансии, да ја претставува Владата на Република Македонија на Собранието на акционери на Интернационален Картичен Систем АД Скопје, што ќе се одржи на 30 ноември 2017 година и да гласа во нејзино име на следниот начин:

- По точка 1 од Работниот дел - Отповикување на член на Надзорен одбор: да гласа „ЗА“ и

- По точка 2 од Работниот дел - Избор на член на Надзорен одбор: да гласа „ЗА“;

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија пред одржувањето на Собранието на акционери на Интернационален Картичен Систем АД Скопје, по писмен пат да го извести Друштвото Интернационален Картичен Систем АД Скопје дека лицето Александра Димовска, раководител на Одделение за сметководствен систем, платен промет и ревизија во Министерството за финансии е назначено за полномошник на Владата на Република Македонија на Собранието на акционери на Интернационален Картичен Систем АД Скопје, закажано за 30.11.2017 година;

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата за објава на договорите за јавни набавки на веб-страниците на договорните органи и заклучи Бирото за јавни набавки во рок од пет дена до Владата да достави информација со предлог за начинот на кој органите на државна управа можат да ги објавуваат сите договори за јавни набавки на веб-страницата на Бирото за јавни набавки, која да се разгледа на наредната седница на Владата;

**Точка 111**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, со Предлог-одлука, и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, во предложениот текст;

2. Се задолжува министерот за финансии во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Одлуката за формирање на Совет за развој на пазарот на капитал, да свика седница на Советот;

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Индустрија за алуминиумски полуфабрикати, метални конструкции, ентериери и инженеринг „Алумина“ АД Скопје во стечај, како материјал за информирање;

**Точка 113**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонијапат – Скопје (тмв Ивеко Дејли 3508);

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на ЈП Македонијапат – Скопје (тмв Ман ТГ 460А и приколка Шмитз);

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈП Македонски шуми – Скопје (пмв Форд Маверик);

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Крајслер Војаџер);

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Ново Село (пмв Мерцедес Вито 110);

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Центар за култура „Антон Панов“-Струмица (пмв Крајслер Војаџер 2.4);

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза-Лешок (пмв Форд Галакси);

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино (пмв Рено Еспејс);

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски“ Маврово-Ростуше (пмв Сеат Леон);

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Јавно претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес (пмв Рено Лагуна);

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Јегуновце (пмв Мерцедес 220Е);

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница-Дебар (пмв Сеат Толедо);

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Неготино (пмв Фолксваген Голф Варијант);

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (пмв Волво С40);

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв JEEP CHEROKEE);

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (пмв Мицибуши Карисма);

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонијапат-Скопје (тмв Ивеко Дејли);

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген Пасат);

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември Скопје (пмв БМВ 520);

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Киа Карнивал);

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (пмв Мерцедес Ц220 ЦДИ);

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП Македонски шуми – Скопје (тмв МАН 19321);

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (пмв Алфа Ромео 159);

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Ауди А8 4.2 ТДИ);

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите (пмв Форд Транзит);

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Струмица (пмв Фолксваген Голф 1.9 ТДИ);

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Маврово и Ростуше (пмв Фолксваген Транспортер);

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда – Управа за водење на матичните книги (пмв Ауди А4);

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Бутел (пмв БМВ 525);

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Богданци (пмв Опел Вектра);

31. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Греат Ховер);

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда (пмв БМВ 530 Д);

33. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за млади и спорт (пмв Фолксваген Пасат);

34. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Маврово и Ростуше (пмв Фолксваген Пасат 1.9 ТДИ);

35. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (пмв Фолксваген Пасат 1.9 ТДИ);

36. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Арачиново (пмв БМВ 320Д) и

37. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државно правобранителство на Република Македонија, во предложените текстови;

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за покренување на постапка за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од петта емисија по пат на приватна понуда, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост, со влогови преку издавање на нови акции од петта емисија по пат на приватна понуда, во предложениот текст;

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година), со текст на Предлог-стратегија, со Акциски план и ги усвои Информацијата и Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година), со Акциски план за нејзино спроведување;

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на спроведување на проектот „Регистар на население“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, а им се укажува на заводите, јавните претпријатијата и АД во државна сопственост, како и на единиците на локалната самоуправа да изготват преглед на закони во кои се содржани услуги и да изготват листа на услуги во рок од 20 дена и во рок од 3 дена од денот на нивното изготвување да ги достават до работната група преку Министерството за информатичко општество и администрација;

2. Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, а им се укажува на заводите, јавните претпријатијата и АД во државна сопственост, како и на единиците на локалната самоуправа, при користењето на апликативни софтвери со кои се врши обработка на лични податоци, да обезбедат евидентирање на авторизиран пристап (логови) во апликативните софтвери, како и евидентирање на авторизиран пристап (логови) на администраторите на базите на податоци, согласно член 23 од Законот за заштита на личните податоци и одредбите од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;

3. Се задолжува Министерството за правда - Управа за водење на матични книги во рок од 15 дена до Владата да достави информација во однос на статусот и потребите за воспоставување на целосна електронска евиденција на базата на податоци;

4. Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, а им се укажува на заводите, јавните претпријатијата и АД во државна сопственост, како и на единиците на локалната самоуправа, во рок од 10 дена да изготват информација за примена на шифрата 07 од Општиот дел од листата на архивски знаци, согласно Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документираниот материјал во канцелариското и архивското работење, и во рок од 3 дена од денот на нејзиното изготвување да ја достават до работната група преку Министерството за информатичко општество и администрација;

5. Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, а им се укажува на заводите, јавните претпријатијата и АД во државна сопственост, како и на единиците на локалната самоуправа во рок од 10 дена да определат лице-правник во рамките на својата институција кое ќе биде задолжено за внес на податоците за услугите во рамки на надлежноста на органот утврдени со закон во електронскиот каталог на услуги;

**<u>Точка 117</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Одлуката на Комитетот за Светско наследство на УНЕСКО донесена на неговата 41-ва седница (Краков, Полска 2017 година) во однос на состојбата на природното и културното наследство на Охридскиот регион-добро впишано на листата на Светско наследство и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за култура да формира работна група во рок од 10 дена, со цел изработка на акциски план за постапување по одлуките кои произлегуваат од 41-та сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО (Краков, Полска 2017 година), а се во врска со состојбите со природното и културното наследство на Охридскиот регион;

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за животна средина и просторно планирање – од секторите за отпад, природа, просторно планирање и ИПА, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија - сектор туризам, а им се укажува на Агенцијата за промоција и развој на туризмот, на општините Охрид и Струга, Националниот парк „Галичица“, Јавната научна установа Хидролошки завод – Охрид и АД ЕЛЕМ, во рок од 10 дена да номинираат свои претставници за работната група.

Се задолжува Министерството за култура да ја информира Владата за прогресот на активности до 15 декември 2017 година.

**Точка 118**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за ненамирени финансиски обврски кои произлегуваат од работата на Националната установа Тетовски театар-Тетово и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за култура потребните средства во износ од 4.200.000,00 денари за измирување на ненамирените финансиски обврски на Националната установа Тетовски театар – Тетово, да ги обезбеди со пренамена на средства од капиталните проекти на Министерството за култура, во раздел 180.10, програма 41 – драмска дејност, ставка 464 – разни трасфери.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:20 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**